ИВАНОВ
инженеринг
инженеринг проектирање надзор изведување
WWW.IVANOVENG.COM.MK

АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

НА КП1513/1 И КП1513/2 КО НОВАЦИ ЗА НАМЕНА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО НОВАЦИ, ОПШТИНА НОВАЦИ (ОДЛУКА БР. 07-838/15 ОД 27.10.2014)

ДОНОСИТЕЛ:
ОПШТИНА НОВАЦИ

Sasko Ivanov
Digitally signed by Sasko Ivanov
DN: ou=4002000142260, o=IVANOV INZENERING DOOEL BITOLA, c=MK, email=ivanovsasko@gmail.com, sn=Ivanov, givenName=Sasko, cn=Sasko Ivanov
Date: 2017.05.09 09:29:19 +02'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
0801-24-03/17

Natali Tashevska-Gulevska
Digitally signed by Natali Tashevska-Gulevska
DN: o=Dooel Ivanov Inzinering, c=MK, email=natali.tasevskagulevska@ivanoveng.com.mk, sn=Tashevska-Gulevska, givenName=Natali, cn=Natali Tashevska-Gulevska
Date: 2017.05.09 09:28:37 +02'00'

ДАТУМ:
05/2017

ИЗРАБОТКА:
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА

СОДРЖИНА

Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

Текстуален дел

1. Проектна програма
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура во рамки на проектниот опфат
3. Инвентаризација на градбите со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградени објекти
4. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение
5. Општи услови за градење и мерки
6. Прилози:
   -извештај од Стручна ревизија
   -одговор на забелешки од Стручна ревизија
   -геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
   -податоци и информации од надлежни субјекти

Графички дел

1. Извод од урбанистички план
2. Ажурирана геодетска подлога
3. Инвентаризација на градби со правен статус стекнат по основ на Закон за постапување со бесправно изградени објекти
4. Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри според Извод
5. Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри според АУП
6. Инвентаризација на изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комунална инфраструктура 1 : 1000
7. Урбанистичко решение за градежна парцела 1 : 1000

Место:	Општина Новаци
Предмет:	Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци
Изработка:	Иванов инженеринг дооел Битола
Работен тим:	Натали Ташевска Гулевска диа
Технички број:	0801-24-03/17
Дата:	05.2017

Број: 0809-50/150420160006969
Датум и време: 20.7.2016 г. 14:31:54

П О Т В Р Д А
за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5437415
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола
Седиште:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Изготвил:

Овластено лице:

Број: 0805-50/150120170005035

Датум и време: 30.1.2017 г. 14:11:25

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5437415
Целосен назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола
Кратко име:	ИВАНОВИНЖЕНЕРИНГ
Седиште:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	3.5.2000 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4002000142260
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	353.740,00
Уплатен дел MKD:	353.740,00
Вкупно основна главнина MKD:	353.740,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	1201957410013
Име и презиме/Назив:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	353.740,00
Уплатен дел MKD:	353.740,00

Вкупен влог MKD:	353.740,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

ЕМБГ:	1201957410013
Име и презиме:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Управител со неограничено овластување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Овластено лице

ПОДРУЖНИЦИ

Подброј:	5437415/1
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола Подружница Скопје
Тип:	Подружница
Подтип:	Подружница
Адреса:	МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН бр.36-2/7 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА

ЕМБГ:	1201957410013
Име и презиме:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Овластено лице

Подброј:	5437415/2
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола Подружница Прилеп
Тип:	Подружница
Подтип:	Подружница
Адреса:	АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ бр.10 а ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА

ЕМБГ:	1201957410013
Име и презиме:	САШКО ИВАНОВ
Адреса:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Овластен застапник

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

КОНТАКТ	
E-mail:	ivanoveng@t-home.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

Изготвил:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * ФИЛИЈАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ бр.1

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 51/05 и 137/2007")
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗДАВА

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БРОЈ 0023

НА

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,
ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ - БИТОЛА

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО
ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО : 29.01.2019 год.
ИЗДАДЕНО НА : 29.01.2009 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Миле Јанакиески

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.07.2020 год.

Број: **0.0094**

Издадено на: 16.07.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

ВОВЕД

Архитектонско-урбанистички проект е урбанистичко-проектна документација и се изработува врз основа на урбанистички планови и урбанистичко планска документација, како и заради формирање на градежни парцели при разработка на детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, урбанистичко плански документации и општи акти, според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.Весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16).

Предмет на овој архитектонско - урбанистички проект е формирање на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци, во согласност со член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16).

Основа за изработка на Архитектонско-урбанистички проект е следната документација:
- Извод бр.09-149/2 од 14.02.2017 од Општ акт за село Новаци(Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014.)
- Проектна програма - утврдена од страна на нарачателот
- Геодетски елаборат за посебни намени за ажурирана подлога изработен од Гео јис доо Битола, со деловоден број 08-88/3 од 10.03.2017

За дел од проектниот опфат е усвоена Локална урбанистичка планска документација за бензинска станица на КП1513 КО Новаци од јуни 2010, и издадена Согласност од МВР за трајна измена на режим на сообраќај за приклучок СО БР.21.1-1905/2 0Д 04.11.2011

Границата на опфат на графичките прилози е прикажана со испрекината црвена линија која ги поврзува сите прекршни точки, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по x и y координати:

1	Y=7538533.9000	X=4544322.4700
2	Y=7538534.2100	X=4544322.9800
3	Y=7538536.2261	X=4544329.1689
4	Y=7538523.5806	X=4544327.6801
5	Y=7538515.7900	X=4544325.3100
6	Y=7538502.4953	X=4544324.3724
закривеност	0.3475	
центар	Y=7538508.1313	X=4544313.7783
радиус	12	
почетен агол	118.0129	
краен агол	194.6521	
7	Y=7538496.5215	X=4544310.7429
8	Y=7538498.3989	X=4544303.5624
закривеност	0.0206	
центар	Y=7538504.2038	X=4544305.0801
радиус	6	
почетен агол	194.6521	
краен агол	199.3684	
9	Y=7538498.5433	X=4544303.0903
10	Y=7538502.3200	X=4544294.3800
11	Y=7538506.1300	X=4544285.6000
12	Y=7538519.4930	X=4544301.0330
13	Y=7538529.1983	X=4544302.5597
14	Y=7538532.9000	X=4544309.6800
15	Y=7538530.6700	X=4544317.1900

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 1.012 м^2.

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Проектна програма

за изработка на АУП за формирање на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци

Да се изработи АУП за формирање на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци, во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.Весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16).

Инвеститор:

КМ Петрол Оил Доо Новаци
Ул. 1 бб

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат претставува дел од градежно земјиште, со пристап од постоечки улици.
Во опфатот е изведен еден објект со намена Е2-бензинска пумпна станица и услужен центар.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА, 2017 год.							
реден број	намена	катност	површина под објект	вкупно изградена површина	состојба		забелешка
					добра/средна	средна/лоша	
			м²	м²			
1	Е2	П+1	94	188	1		
вкупно			**94**	**188**	**1**		

површина на опфат	**1012**
процент на изграденост на ниво на опфат	**9.23%**
коефициент на искористеност на ниво на опфат	**0.18**

3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Согласно Известување бр.09-284/2 од 17.03.2017 од Општина Новаци, за предметниот опфат нема донесено решение за утврдување на статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени градби.

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ

Проектниот концепт на Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци се базира на:

- Извод бр.09-149/2 од 14.02.2017 од Општ акт за село Новаци(Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014.)
- Проектна програма - утврдена од страна на нарачателот
- Геодетски елаборат за посебни намени за ажурирана подлога изработен од Гео јис доо Битола, со деловоден број 08-88/3 од 10.03.2017
- Сообраќаен проект со техн.бр.01-6/2011 од ПРО-АРХ дооел Битола

Според Изводот, на подрачјето на проектниот опфат е планирана следната класа на намени:

Е2-комунална супраструктура – бензинска пумпна станица и услужен центар

Намената на градежната парцела во согласност со постоечките и планираните објекти е иста.

Со архитектонско-урбанистичкиот проект се дефинирани сите основни урбанистички параметри:

- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м^2);
- граница и површина во која може да се гради (м^2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м^2);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- услови за паркирање.

Планиран е објект со катност П+1. Околу објектот е предвиден манипулативен простор за потребите на вработените и посетителите.

4.1 ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Пристапот до градежната парцела е предвиден преку постоечка улица од секундарната улична мрежа во с.Новаци која треба да има минимален дозволен профил на коловоз од 5,5м.
Планиран е излез од градежната парцела на регионалниот пат Р1311(Битола-Новаци-Маково), кој во рамки на село Новаци ќе има третман на магистрална улица низ населено место село со минимален профил од 9,5м.

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

- ВОДОВОД

Приклучувањето на планираните објекти е предвидено да се врши од постоечка водоводна мрежа, согласно хидротехничките услови за приклучок од страна на надлежната институција.

Поврзувањето со водоводната мрежа се предвидува да се изведе со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура и во целост според хидротехнички услови издадени од страна на надлежното комунално претпријатие.

- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Постоечка фекална и атмосферска канализација нема. Планирано е приклучување согласно хидротехничките услови за приклучок од страна на надлежната институција.

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Приклучувањето на објектот на нисконапонска инсталација ќе биде со поврзување на постоечка трафостаница во непосредна близина.
Сите приклучоци како и изградбата на електро-енергетски објекти треба да се извршуваат откако инвеститорот ќе добие електро-енергетска согласност од надлежна институција - ЕВН Македонија.

- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Поврзувањето на телекомуникациона мрежа, начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци треба да биде извршен во согласност со развојните програми на операторите и потребите на корисниците.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ И МЕРКИ

Градежна парцела 1.2

- Намена: Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица и услужен центар со можност за компатибилна намена Б1,А4 до 49%
- Катност : П+1
- Површина на градежна парцела : 1,012м2
- Максимална површина за градба : 266м2
- Вкупно развиена површина за градба по нивоа : 665м2
- Максимална висина до венец : 7м
- Коефициент на искористеност : 0.66
- Процент на изграденост : 26.28%
- Паркирање во сопствена парцела

Нумерички и билансни показатели

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СОГЛАСНО АУП							
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	НАМЕНА	ОБЈЕКТ	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м	ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТ м2	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТ м2
1.2	1,012.00	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И УСЛУЖЕН ЦЕНТАР	П+1	7.00	266.00	665.00
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %						26.28%	
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ						0.66	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ОПФАТ м2	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА м2	ПРОЦЕНТ ВО ОПФАТ
1.2	1,012.00	ОБЈЕКТ (ПРИЗЕМЈЕ)	112,00	11.07%
		ТРОТОАРИ МАНИПУЛАТИВНО ПЛАТО	512.00	50.59%
		КОЛОВОЗ	388.00	38.34%

ПОВРШИНА НА ГП м2	БИЛАНС НА ПЛАНИРАНИ ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА		
1,012.00		СОГЛАСНО ИЗВОД ОД ПЛАН	СОГЛАСНО АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
	ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТ м2	(дефинирање со АУП)	266.00
	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТ м2	(дефинирање со АУП)	665.00

Мерки за заштита

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, потребно е да се почитуваат Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11 и 93/12 - пречистен текст), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04; 81/07 и 55/13) и други позитивни прописи и притоа треба да се задоволат следните барања и критериуми:

• пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;

• сообраќајните површини да се со ширина од минимум 4,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;

• Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот;

• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар;

• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Мерки за заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини во понатамошната разработка со Основен проект, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;

• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;

• При рушење, објектот зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;

• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;

• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;

• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Во рамките на проектниот опфат, во планираната намена и планираната комунална супраструктура, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

Заштита и спасување од радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Во согласност со Законот за заштита и спасување, да се предвидат следните мерки:

- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

При изработка на основните проекти да се имаат во предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр.32/11).

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

08.11.2011

До: **Општина Новаци** 10 17
Сектор за комунални дејности, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина
7211 Новаци

Рег. бр. 21.1 - 1905/2
Скопје 04.11.2011 год.

Предмет: Одговор на барање, доставува -
Врска: Ваш акт број 10-17 од 19.10.2011 год.

Министерство за внатрешни работи
Биро за Јавна Безбедност
Сектор за полиција и криминалистички работи
Ул.Димче Мирчев бб Скопје
Тел. (02) 3142028
Факс: (02) 3142574
www.mvr.gov.mk

Во врска со Вашето барање под горенаведениот број во кое согласно член 392 од Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09 и 36/11) барате наша согласност во врска со Основниот сообраќаен проект за трајна измена на режим на сообраќај за приклучок на бензиска пумпна станица со придружни содржини, „Новачки пат“ б.б., с.Новаци на КП 1513/1 и КП 1513/2, КО Новаци, Ве известуваме дека Министерството за внатрешни работи ја издава следната:

СОГЛАСНОСТ

за одобрување на трајната измена на режим на сообраќај за приклучок на бензиска пумпна станица со придружни содржини, на „Новачки пат“ б.б., општина Новаци, според приложениот сообраќаен проект.

Со почит,

Изработил: В. Чупаркоски

Согласен:
в.д. Началник на Сектор за полиција
и криминалистички работи
В'чков Бранко

Директор
на Биро за јавна безбедност
м-р Љупчо Тодоровски

Рейублика Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Бр. 17-1102/2
16.03.2017. год.
Скопје

ДО

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ

БИТОЛА

Борис Кидрич 12/16

7000 Битола

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање 0302-09-3/03 од 10.03.2017.година

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за АУП за формирање на градежна парцела на КП 1513/1 и КП 1513/2 со намена Е2 – комуналнa супраструктура, КО Новаци, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои регистрирано културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при земјените работи дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15,192/15 и 39/16).

Со почит,

ДИРЕКТОР,
д-р Виктор Л. Адамс

Изработил: Ф. Доневски
Проверил: м-р С. Герасимова - Матеска
Одобрил:

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

Број 14-551/2

Датум 13.03.2017

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје КЕЦ Битола

Одговорно лице од КЕЦ Гоце Ташиевски 072 932 373

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, со скратен назив ЕВН Електродистрибуција врз основа на член 174 ст.2 од Законот за општа управна постапка по барање на ІИванов Инженеринг ул.Борис Кидрич 12/16 Битола

издава

Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти

Се потврдува дека на приложената ситуација АУП за формирање на градежна парцела на КП 1513/1 и КП 1513/2 КО Новаци има наши ел.инсталации.

(фактите во согласност со податоците од службената евиденција)

Оваа потврда се издава врз основа на нашата евиденција, а служи за Ваше барање за вцртување на наши ел. инсталации на приложената ситуација,
и истата е со важност од 6 (шест) месеци од денот на издавање.

Податоци за објектот:

Објект: Општина: Новаци
Населено место:Новаци, Улица: , бр.:

Опфатени се следниве инсталации на дистрибутивна мрежа и објекти:

- ☐ Нисконапонски кабелски вод
- ☐ Среднонапонски кабелски вод
- ☐ Трансформаторска станица
- ☐ Оптички кабел
- ☐ Нисконапонски надземен вод
- ☐ Среднонапонски надземен вод
- ☐ Мерен/разводен ормар
- ☒ Друго

Составен дел на оваа Потврда Прилог – графички приказ – подлога со вцртани инсталации според податоците од службената евиденција.

Забелешки:

Ви напомнуваме дека КЕЦ Битола,нема евиденција за положени електрични кабли од страна на други изведувачи како и за приклучните нисконапонски кабли за самите објекти.

За ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје

(потпис и печат)

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ * Скопје * КЕЦ Битола

MKDE-002_1211

Мрежа ЕВН Македонија



13.03.2017

1:1,000

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

MKT_GENERAL_ALL
2017000374723

арх. бр: 07-1069861/1
дата: 23-03-2017

ИВАНОВ инженеринг
Ул.„Борис Кидрич“ бр. 12/16, 7000 Битола

Ваше упатување: Барање на податоци и информации
Наше контакт лице: Перо Ѓорѓевски, Владо Новески, Лидија Темелковска Костуранова
Телефон: +389 70 300 759
Во врска со: Известување за постојни и планирани тк инсталации за изработка на АУП

Почитувани
